ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ-РЕЗОЛУЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ИНТЕРЕСИ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ЕКСТЕРНАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТАПКИТЕ ЗА АЗИЛ ОД ТРЕТИ ЗЕМЈИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, декември 2025 година

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, како и врз основа на членот 204 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог-резолуција за заштита на државните интереси и спречување на екстернализација на постапките за азил од трети земји на територијата на Република Северна Македонија.

ПРАТЕНИЦИ:

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, како и врз основа на членот  204 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија

Тргнувајќи од Уставот на Република Северна Македонија и обврската за заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет, почитувајќи ги универзалните човекови права, Женевската конвенција за статусот на бегалците и Европската конвенција за човекови права,потврдувајќи ја својата стратешка определба за членство во Европската Унија и усогласување со заедничките европски политики за миграција и азил, а имајќи во предвид дека Република Северна Македонија покажа исклучителна солидарност и хуманост за време на мигрантската криза во 2015 година како транзитна земја, ние пратениците ја декларираме вољата на граѓаните и на ден ___________  2025 година, Собранието на Република Северна Македонија  донесе

# Р Е З О Л У Ц И Ј А

1.  СЕ ЗАБРАНУВА ПРИФАЌАЊЕ НА ДЕПОРТИРАНИ ЛИЦА ОД ТРЕТИ ЗЕМЈИ,КАКО И ЛИЦА ЗА КОИ Е УТВРДЕНО ДЕКА НЕМА ПРАВНА ОСНОВА ДА ОСТАНАТ ВО ТРЕТИ ЗЕМЈИ - Собранието констатира дека Република Северна Македонија нема да прифаќа изградба на прифатни центри, станови, кампови или „хабови“ наменети за трајно или привремено сместување на мигранти депортирани од други држави (вклучително и Обединетото Кралство), кои немаат потекло од, или директна врска со нашата држава.

2. СЕ СПРЕЧУВА  ТРГОВИЈА СО ЧОВЕЧКИ СУДБИНИ -  Се осудува секој обид за третирање на барателите на азил како предмет на финансиски трансакции помеѓу државите. Северна Македонија нема да биде дел од договори каде финансиската помош или инвестициите се условени со преземање на мигранти. Северна Македонија нема да прифати финансиски надомест или договор со ниедна држава во однос на преземање на мигранти. Тоа е спротивно на нашето достоинство како држава и спротивно на хуманиот третман на луѓето кои бегаат од војна и прогон.

3. СЕ КОНСТАТИРА ДЕКА ДРЖАВАТА НЕМА КАПАЦИТЕТИ И СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА -  Државата не располага со социјални, економски и безбедносни капацитети за да стане центар за процесирање на азил за потребите на други, далеку побогати држави. Прифаќањето на таков товар би ја загрозило стабилноста и би предизвикало несогледливи последици за внатрешната социјална кохезија.

4. УСОГЛАСЕНОСТ СО ЕУ, А НЕ БИЛАТЕРАЛНИ ЕКСПЕРИМЕНТИ - Северна Македонија ќе ги следи и спроведува исклучиво заедничките политики на Европската Унија за миграција.

5. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ Собранието ја задолжува Владата веднаш да ги прекине сите евентуални преговори од ваков тип и во рок од 3 дена да достави целосен извештај до пратениците за сите комуникации остварени со Владата на Обединетото Кралство или други субјекти на оваа тема.

6. ПОВИК НА ЕДИНСТВО Ова прашање е надпартиско и се однесува на иднината на државата. Собранието ги повикува сите политички чинители да се обединат околу овој став, штитејќи го достоинството на македонските граѓани, но и угледот на државата како субјект кој почитува правила, а не територија за туѓи експерименти.

7. Оваа резолуција ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.